Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 11.06.2021

На 10.06.2021 во 12.30 часот, полициски службеници од Полициската станица Прилеп го лишиле од слобода С.С.(20) од Прилеп. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, дигитална вага и нож со остатоци од бела прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.06.2021 во СВР Битола било пријавено дека при изведување на градежни работи во близина на градскиот стадионот под Тумбе Кафе биле пронајдени три стари гранати. Вработен во Дирекцијата за заштита и спасување ги подигнал гранатите и констатирал дека станува збор за артилериски гранати калибар 75 мм од Првата светска војна.

На 10.06.2021 на подрачјето на СВР Тетово била спроведена сообраќајна акциска контрола за брзина, во која вкупно биле откриени и законски санкционирани 93 прекршоци (ТЕ-61 и ГВ-32). Единаесет од констатираните пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место биле за повеќе од 70 километри на час, додека најголемиот број од пречекорувања во населено место биле до 30 километри на час. Сите прекршоци се заокружени со соодветни поднесоци, а во контролата откриени се и 6 други видови прекршоци (ТЕ-3 и ГВ-3).

На 10.06.2021 СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 52 мерки, меѓу кои 23 за управување возила со брзина поголема од дозволената, 11 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 1 за технички неисправно возило, 2 за некористење на заштитен шлем, 5 за користење сигурносен појас, 1 за користење на мобилен телефон, 6 за непропишо паркирање и 2 за управување возила под дејство на алкохол.

На 10.06.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена засилена контрола во областа на сообраќајот. Притоа, било констатирано дека 30 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената, 12 возачи управувале возило без возачка дозвола, троја возачи разговарале на мобилен телефон и четири возила биле со измината регистрација. За сите неправилности се издадени соодветни поднесоци.

На 10.06.2021 на подрачјето на град Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои уп

На 10.06.2021 во СВР Битола било пријавено дека во близина на базата на „Македонија пат" во с.Кукуречани, при вршење на работи, била пронајдена стара граната. Од страна на вработен во Дирекцијата за заштита и спасување гранатата била подигната, при што било констатирано дека станува збор за стара неиспукана артилериска граната од Првата светска војна, калибар 155 мм.

Од 00.00 часот до 04.00 часот (11.06.2021) констатирано е дека 20 лица не ја почитувале забраната за движење. Во текот на изминатото денонќие (10/11.06.2021) на територијата на Република Северна Македонија за мерката за носење лична заштита на лице регистрирани се 127 прекршоци.

На 10.06.2021 во 17.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул. „Александар Македонски" во Скопје, кај клучка „Дијамант", мотоцикл „бмв", без регистарски ознаки, управуван од А.Л.(24) од Скопје, удрил во пешак С.С.(19) од с.Тромеѓа, кумановско. Во незгодата пешакот и мотоциклистот се здобиле со тешки телесни повреди констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 10.06.2021 во 13.40 часот во Полициската станица Центар, К.Б.(46) од Скопје пријавил дека на ул.„Св.Кирил и Методиј" била касната од куче скитник.

На 10.06.2021 во 13.00 часот, полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор Михајлово, поради постоење основи на сомнение за сторен прекршок од Закон за странци, ги привеле И.С.(22), Б.Б.(43) и А.Ш.(39), сите од Р.Албанија. Тие биле предадени во Регионалниот центар за гранични работи Југ за понатамошна постапка.

На 10.06.2021 во 15.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.Ј.(59) од Скопје пријавил дека на ул.„Саса 18" бил каснат од куче скитник.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против П.Н.(20) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 25.09.2020 на Железничката станица во Кичево полициски службеници, при извршен преглед кај него, пронашле и одзеле марихуана.

На 10.06.2021 во 09.00 часот на Граничен премин „Деве Баир", полициски службеници пронашле пакување со бела прашкаста материја. Пронајдената материја била подигната од полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот.

На 10.06.2021 околу 15.00 часот на бул.„Крсте Мисирков" во Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода М.Б.(24) од Скопје, затоа што не почитувал дадена наредба и со патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, удрил полициски службеник. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.06.2021 околу 18.30 часот во СВР Скопје, С.А.(24) од Скопје пријавил дека на ул. „1737" во Скопје две лица физички го нападнале и му одзеле телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2021 во 14.30 часот, полициски службеници од Граничен премин „Блаце" во атарот на с.Горно Блаце забележале поголема количина исечено огревно дрво. Дрвата биле одземени и дадени на Шумската полиција за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2021 во СВР Битола било пријавено дека во атарот на с.Трновци, при спуштање со параглајдер, Н.С.(62) од Русија се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола.

На 11.06.2021 во 01.20 часот во СВР Скопје, Х.Н.(23) од с.Кучевиште, скопско, пријавил дека на 10.06.2021 околу 23.30 часот во с.Петровец, по претходна расправија, бил физички нападнат од К.Ј.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2021 во 23.45 часот во СВР Скопје, А.Б.(38) од с.Ракотинци, скопско, пријавил дека на ул.„Македонија" бил каснат од куче скитник.

На 10.06.2021 околу 17.30 часот во СВР Скопје, Е.С.(31) од Скопје пријавила дека на бул.„Кочо Рацин", во близина на Железничка станица, едно лице ѝ одзело личен накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.06.2021 во 16.40 часот во СВР Скопје, В.Ј.(69) од Скопје пријавил дека на бул. „АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 10.06.2021 во 23.30 часот во Полициската станица Кочани, Ј.Н.(53) од н.Оризари, кочанско, пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка Н.Н.(16). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 11.06.2021 во 00.30 часот во СВР Скопје, В.М.(18) од Скопје пријавил дека на 10.06.2021 околу 23.40 часот, додека бил во парк на подрачјето на Кисела Вода, заедно со уште троја негови другари, Ф.Р.(29) од Скопје се обидел да го поврди со остар предмет и му упатил закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово, СВР Тетово, СВР Битола, СВР Штип, СВР Велес и СВР Охрид поднесоа кривични пријави против Д.Д.(45) и Д.С.(37) од Р.Србија, Н.М.(32), М.Ш.(48), Ф.С.(42), А.Д.(40) и Р.Р.(44) од Куманово, Ј.Ј.(44), Д.Д.(27) и Б.Ј.(20) од Злетово, Ф.П.(28) од с.Старо Лагово, прилепско, Н.Е.(33) од Прилеп, С.М.(47), А.Т.(43) и Д.Т.(41) од Битола, Б.С.(20) од с.Копачин Дол, тетовско, С.М.(19) и А.И. (19) од Тетово, О.П. (23) од Тетово, Е.Б.(35) од Струмица, М.И.(28) од с.Туин, Ф.Р.(29) и А.С.(23) од Куманово, Г.А.(21) од с.Отља, кумановско, Г.Р.(50) од Куманово, О.Ј.(29) од с.Черкези, кумановско, Д.В.(25), И.Т.(25) и М.А.(18) од Кочани, Д.А.(38) с.Облешево, кочанско, С.К.(37) од Скопје, А.Л. (32) и М.К.(29) , Ј.С.(19), Ј.С.(36), Р.Д.(67), Р.Т.(36) од Велес, Е.М.(30) од Прилеп, А.И. (19) и Б.Е.(19) од с.Селце, тетовско, А.Т.(21) и К.С.(17) од с.Теарце, тетовско, С.Б.(36) с.Чифлик, тетовско, Р.Л.(25) од Гостивар, Љ.Х.(27) од Скопје, З.З.(24), Х.А.(52) и И.А. (49) од Куманово и Т.С.(31) с.Матејче, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непоштување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, во периодот од 10.02. до 07.06.2021, се движеле без дозвола за движење за време на забрана за движење. На 10.06.2021 околу 22.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во дворот од куќата на Е.Е.(33) на ул.„Црногорска" едно лице фрлило шише со запалива течност. Сопственичката успеала да го изгасне огнот, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет